# УПАТСТВО

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ

## 1. ОПИС НА ПРЕДЛОЖЕНИОТ ПРОЕКТ

На самиот почеток барателот треба да даде опис на инвестицијата наведувајќи дали истата се однесува на изградба/ реконструкција на објекти, набавка на опрема или двете. Исто така барателот треба да го наведе и изворот на финансирање без разлика дали финансирањето ќе биде од сопствени средства или со кредит од банка.

Барателот во Табела број 1 треба да ги наведе видовите производ(и)/ услуга(и) и нивниот квантитет на продукција за последната фискална година и за проекција за (1) година во иднина, наведувајќи ги притоа и продажните цени. Во табелата треба да бидат вклучени сите производи/ услуги кои се резултат на севкупните економски активности на барателот.

Табела број 1. Производство и продажни цени од последната фискална година

| Реден број | Производ | Ед. мерка | Последна фискална година | | Проекција за период од една година | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Количина | Единечна цена (МКД) | Количина | Единечна цена (МКД) |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| ... | | | | | | |

Во Табела број 2 барателот треба да ги наведе сите суровини/ репроматеријали потребни за реализирање на производството наведено во Табела број 1. Суровините/ репроматеријалите, исто така, мора да ги вклучуваат трошоците за работна сила, земајќи ги во предвид платите за управителот, редовно вработените и сезонските работници (сезонска работна сила се наведува во денови на годишно ниво). Исто така ако некои од членовите на семејството земаат активно учество во економските активности, нивниот труд мора да се наведе во работни денови на годишно ниво.

Исто така, барателот мора да наведе од кои извори ќе се финансира предложената инвестиција. Финансирањето може да биде во вид на готовина која е веќе акумулирана со изминатите економски активности или од страна на банкарски кредит. Во случај кога изворот на финансирање е банкарски кредит, барателот треба да обезбеди информации за каматната стапка и периодот на отплата и начин на отплата (месечно, квартално, семестрално или годишно). Висината на отплата на кредитот на годишно ниво мора да биде наведена во Табела број 2.

Доколку планираната инвестиција се однесува на инсталирање и/ или модернизирање на собирни центри за шумски производи барателот мора да прикаже дека неговата дејност е во согласност со Законот за шуми и соодветните подзаконски акти земајќи ја во вид групата на шумски производи дефинирани како соодветни за собирање.

Кога барателот е физичко лице регистрирано во Централниот регистар, тогаш тој во прилогот со Техничкиот предлог проект треба да достави Биланс на приходи и расходи (за последната фискална година) издаден од страна на Централниот регистар.

Табела број 2. Суровини/ репроматеријали и други трошоци поврзани со економските активности

| Реден број | Ставка/ предмет | Ед. мерка | Последна фискална година | | Проекција за период од една година | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Количина | Единечна цена (МКД) | Количина | Единечна цена (МКД) |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| ... | | | | | | |

Барателот треба да ги образложи сите придобивки кои може да се земат во предвид од спроведувањето на инвестицијата:

- Подобрувања во однос на економските резултати (зголемена продуктивност, рационализација на трошоците, поголемо производство итн.),
- Нови вработувања,
- Диверзификација на економските активности во руралните области,
- Заштита на животната средина (ракување со арско ѓубриво, пониска потрошувачка на електрична енергија, ефикасно користење на водата или хемиските агенси/ средства за заштита на растенијата),
- Благосостојба на животните, безбедност на храната, заштита при работа итн.
- Проектот кој опфаќа инвестиции во собирни/ откупни центри за шумски производи треба да ја земе во предвид дефиниција за шумски производи прифатливи/ соодветни за собирање и специфичните/ посебните барања за собирање на шумски производи како што е дефинирано во Законот за шумите и соодветните подзаконски акти и да прикаже почитување на одредбите во Технички предлог проект при поднесување на барање за поддршка.

Во случаите кога барателот претходно немал други економски активности, односно за првпат започнува приватен бизнис, новата инвестиција треба да биде образложена со наведување на причините за успехот на инвестицијата (предности и слаби страни на инвестиција). Во овој случај Табелата број 1 и Табелата број 2, треба да се пополнат само во делот кој се однесува на проекција за период од една година.

Објектите и опремата (основни средства) кои барателот веќе ги поседува треба да бидат наведени во Табела број 3. Ако барателот веќе поседува средство исто односно слично на оние кои се предмет на инвестицијата тогаш мора да ги објасни причините за набавка на ново средство од ист вид (на пример постоечкиот мулчер е стар, амортизиран и не е ефикасен, има мал капацитет итн.).

**НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ**

Во овој дел барателот треба да го образложи исполнувањето на националните стандарди за заштита на животната средина, безбедност и здравје при работа и/ или безбедност на храна и/ или ветеринарно здравство и/ или безбедност на производство на козметички производи и/ или производство на енергија, односно да прикаже акционен план за исполнување на националните стандарди на крајот на инвестицијата. Доколку од страна на надлежните органи се утврдени одредени недостатоци во стандардите, во тој случај барателот треба да образложи на кој начин предложената инвестиција ќе ги исполни недостатоците кои се утврдени во Записникот/ Решението за извршен инспекциски надзор.

Табела број 3. Постоечки средства

| Реден број | Вид на објекти/ орема | Број на единици | Производител и модел | Номинален капацитет |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| ... | | | | |

Правните лица не треба да ја пополнуваат горната Табелата број 3 но затоа во прилог на Технички предлог проект треба да достават Книга на основни средства заверена со печат од фирмата и потпис од страна на одговорното лице и сметководителот.

## 2. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ИНВЕСТИЦИЈАТА

Во следната табела барателот треба да ги наведе фазите на инвестицијата со проценка на временскиот период потребен за реализација.

Постои можност инвестицијата да се изведе во 2 (две фази), но само во оние инвестиции кои вклучуваат изградба и инсталирање на опрема.

Табела број 4. Фази и временски рокови за изведба на инвестицијата

| Реден број | Фаза | Време потребно за реализација (денови) |
|---|---|---|
| I | | |
| II | | |

## 3. РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

Општината во која се наоѓа инвестицијата издава мислење на барателот дека предложената инвестиција е во согласност со нејзината Стратегијата за локален економски развој, кое што барателот мора да го приложи со останатите документи во барањето. Доколку општината до моментот на поднесување на барање за поддршка се уште нема усвоено Стратегија за локален економски развој, барателот во овој дел

треба да ги образложи перспективите за локалниот економски развој на општината кои би се отвариле со успешното имплементирање и функционирање на инвестицијата.

## 4. ИДНИ ИНВЕСТИЦИИ

Во Табела број 5 барателот треба да ги наведе идните планови за инвестиции во основни средства, накратко објаснувајќи ги целите на планираните активности, кватифицирајќи го притоа ефектот од инвестицијата (зголемено производство за 2 тони/ха, рационализација на употребата на ѓубривата за 50 кг/ха, замена на дотраената опрема итн.).

Исто така, барателот мора да наведе од кои извори ќе се финансираат идните планирани инвестиции (готовина која е веќе акумулирана од изминатите економски активности или банкарски кредит). Во случај кога изворот на финансирање е банкарски кредит, барателот треба да обезбеди информации за каматната стапка и периодот на отплата (месечно, квартално, семестрално или годишно).

Табела број 5. Идни инвестиции

| Реден број | Вид на објекти / опрема | Број на единици | Дата на планирана набавка | Номинален капацитет | Цена МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| ... | | | | | |

***ВАЖНО: Целиот описен дел на Техничкиот предлог проект треба да биде прикажан/ објаснет на максимум 3-4 страни.***